*Универзитет Скопје*
*Број 09-181/1*
*19.09.2023 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 1/2023

19 септември, 2023 година
Скопје

# СОДРЖИНА

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

## А) ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ:

• Еден наставник во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област: 50307 Меѓународни економски односи, 50309 Меѓународна економија и 50316 Економика на образование
• Еден наставник во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област: 50325 Маркетинг, 50307 Меѓународни економски односи и 50329 Друго (Односи со јавноста)
• Еден наставник во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51406 Туристичка промоција, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго (Менаџмент во туризмот)
• Еден наставник во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51419 Друго (Спортски туризам)

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**д-р МЕРИ НИЧКОВА**

**ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ 5 ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ 514 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ОБЛАСТ: 51406 ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА, 51416 КОМУНИКАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И 51419 ДРУГО (МЕНАЏМЕНТ ВО ТУРИЗМОТ) ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ**

**СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА:**

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

3.1 Магистерски труд

3.2. Докторска дисертација

4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации, зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјатра и странство.

4.1.1. После избор во звање асистент

5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

5.1 Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации, зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство.

5.1.1 После избор во звање асистент

5.2 Приказ и оценка на магистерскиот и докторскиот труд

5.2.1. Магистерски труд

5.2.2. Докторски труд

6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

6.1. Оценка на севкупната наставна дејност

7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија" на 14 јули 2023 година, во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само д-р Мери Ничкова, за звање доцент во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51406 Туристичка промоција, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго (Менаџмент во туризмот). Во пријавата за конкурсот, кандидатот ги достави сите потребни документи според условите на конкурсот и соодветните прописи.

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за општествени науки на Универзитетот Скопје одржана на 29.08.2023 година, определена е рецензентска комисија во состав :

- Проф. д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор на Универзитетот Скопје;
- Проф. д-р Сашко Граматниковски, вонреден професор на Универзитетот Скопје.
- Проф. д-р Дејан Наковски, вонреден професор на Универзитетот Скопје;

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51406 Туристичка промоција, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго (Менаџмент во туризмот). Во својство на членови на Комисијата го прифативме именувањето. Откако ја прегледавме пријавата и приложената документација и после анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, а врз основа на член 142 од Статутот на Универзитетот согласно член 173 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. број 82/2018), го поднесуваме следниот

## ИЗВЕШТАЈ

## 2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

Мери Ничкова е родена на 15 јуни 1985 година во Кавадарци, Република Македонија. Основно училиште завршила со одличен успех во ОУ „Гоце Делечев“ во Кавадарци, а средно образование во Гимназијата „Добри Даскалов“ исто така во Кавадарци. Во учебната 2006/07 година се запишува на Факултетот за туризам во Скопје, а дипломира во 2009 година во прва класа со просечна национална оценка 9,39. Истата година се запишува на Втор циклус студии на Факултетот за туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Во меѓувреме работи како туристички агент во Туристичката агенција ФТС Травел и како демостратор на Факултет за туризам при УТМС.

М-р Ничкова Мери има искуство и во наставно научна област. Имено во академската 2007/2008 година избрана е за демонстратор на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје. Во академската 2012/2013, ангажирана е како асистент на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје., на група предмети од област туризам.

На ден 21.09.2021 година, ја одбрани докторската дисертација под наслов Улогата и значењето на конгресниот туризам за развојот на туризмот во Република Северна Македонија.

## 3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

### 3.1. Магистерски труд

Во декември 2012 год. Мери Ничкова на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, успешно го брани магистерскиот труд "Пропулзивноста на винскиот туризам за развој на туризмот во Република Македонија", под менторство на Проф. д-р Саша Кицошев по што се стекнува со звање *магистер по туризмолошки науки*.

Магистерскиот труд на **Мери Ничкова** под наслов **"Пропулзивноста на винскиот туризам за развој на туризмот во Република Македонија "** е обработен на 173 страници компјутерски среден текст, а во текстот се содржани слики (71), графикони (4), табели (6), географски карти (3) и фусноти (67), во истиот се обработува актуелна и значајна тема од областа на туризмот.

Предмет на анализата и истражувањето во мојот магистерски труд се: состојба и развој на лозарството и винарството во Светот и кај нас, развој на винскиот туризам и формирање на вински патишта, природно-географските услови и фактори кои соодвествуваат за одгледување на квалитетна винова лоза и производство на вино во Македонија, историски развој на лозарството и винарството, видови и карактеристики на вината, зачуваноста на старите визби (прилагодување кон туристичката побарувачка односно кон посетата на туристите), туристичките манифестации посветени на виното (лозарски светци), можност за основање на музеј на лозарството и винарството, туристичките вредности на виногорјето. За потребите на трудот извршено е анкетно истражување кое е спроведено за да се види моменталната состојба на винарите во Македонија и да се осознае какви се можностите за нивно вклучување во винскиот туризам, односно какви се шансите за отворање на вински патишта. Во натамошниот труд предложена е стратегијата за развој на винскиот туризам и дадени се PESTEL, SWOT, TOWS, PORTER, ANSOFF матрици и Benchmarking анализа. За да се види состојбата на винскиот туризам во Македонија дадена е компарација со афирмирани вински простори во Европа, Америка, Австралија... Трудот завршува со предлози за можните правци на развој и унапредување на винскиот туризам.

## 3.2. Докторска дисертација

Д-р Мери Ничкова на 21.09.2021 година, ја одбрани докторската дисертација под наслов Улогата и значењето на конгресниот туризам за развојот на туризмот во Република Северна Македонија. Докторската дисертација е работена под менторство на проф. д-р Слободан Черовиќ, на Универзитет Сингидунум во Белград. Докторската дисертација е напишана на 257 страници и се состои од четири главни целини и тоа 1. Карактеристики на современиот туризам, 2. Улога и значење на конгресниот туризам како селективен облик на туризам, 3. Конгресен туризам во Република Северна Македонија и 4. Истражување, на крајот се дадени заклучни согледувања, список на литература и соодветни прилози.

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Во овој дел од извештајот, се дава преглед на научните трудови кои кандидатот ги објавил пред и после последниот избор, според категоријата на трудовите.

### 4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации, зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство.

### 4.1.1. После избор во звање асистент

- **Meri Nickova. 2021. VITICULTURAL REGIONS IN FUNCTION OF THE DEVELOPMENT OF WINE TOURISM,** UTMS Journal of Economics 12 (1): 204–210.
- **Meri Nickova,** Dejan Nakovski and Goran Apostolovski. **RELIGIOUS BUILDINGS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THEIR SIGNIFICANCE AS TOURIST RESOURCES.** Singidunum University International Scientific Conference, SITCON 2017: 90–94.
- **Meri Nickova**, Andreja Mackic, and Goran Apostolovski. **2016. THE ANALYSIS OF TOURISM DEVELOPMENT OF THE CANYON MATKA NATURAL PARK.** Singidunum University International Scientific Conference, SITCON 2016: 161–168.
- Ljupka Naumovska and **Meri Nickova**. **2015. THE INFLUENCE OF THE WINE FOR BUILDING A BRAND OF THE TIKVES REGION**. INTERNATIONAL CONGRESS FOR BUSINESS, EDUCATION, SPORT AND TOURISM. ICONBEST 2015.

## 5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

### 5.1 Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија како и слични списанија и публикации, зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство.

### 5.1.1 После избор во звање асистент

- **Meri Nickova. 2021. VITICULTURAL REGIONS IN FUNCTION OF THE DEVELOPMENT OF WINE TOURISM,** UTMS Journal of Economics 12 (1): 204–210.

Во текот на последната деценија, винскиот туризам интензивно се развива преку мали винарии во повеќе лозарски региони во Република Северна Македонија. Винскиот туризам има важна улога во креирањето на политиките за развој на туризмот во земјата. Винскиот туризам е туристичка форма која се карактеризира со атрактивни атрибути преку кои ги поттикнува домашните и странските туристи да ја посетат дестинацијата. Покрај посетата на винарските визби, винскиот туризам опфаќа и дополнителни туристички активности како процес на производство на грозје, процес на производство на вино, гастрономска понуда, разгледување на лозарскиот регион. Главни за постоењето на винариите како водечки фактор на винскиот туризам се лозарските региони заедно со традицијата на одгледување грозје. Лозарските региони ја дефинираат просторната дистрибуција на винариите и ги дефинираат винските патишта. Затоа, во овој труд авторот има за цел да ги претстави главните лозарски региони во државата кои се просторна основа и предуслов за развој на винскиот туризам.

**Научниот придонес** на трудот се состои во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста од збогатување на туристичката понуда за да се задоволат

современите побарувања и потреби на туристите, со што ќе се донринесе за порамномерен просторен и временски распоред на туристичкото движење а со самото тоа ќе се зголеми степенот на туристичкиот развој во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот (100%):** Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO**

- **Meri Nickova**, Dejan Nakovski and Goran Apostolovski. **RELIGIOUS BUILDINGS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THEIR SIGNIFICANCE AS TOURIST RESOURCES.** Singidunum University International Scientific Conference, SITCON 2017: 90–94.

Туристичките движења или текови се под влијание на присуството, количината и просторната распределба на мотивите за патување и туристичките ресурси во рамките на една дестинација. Оваа констатација е особено важна за локалитетите кои не се традиционални туристички локалитети, непризнати и развиени како туристички дестинации, како што е случајот со територијата на Република Македонија. Во овој контекст, целта на овој труд е да ги прикаже и класифицира религиозните туристички ресурси како значајни туристички мотиви, кои можат да придонесат за атрактивноста и понудата на туристичките дестинации.

**Научниот придонес** на трудот се состои во одредувањето на степенот на туристички развој на регинот и препораките и моделите кои се потребни да се применат за подобрување на степенот на туристичка активност на регионот.

**Личен придонес на авторот (30%):** Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност на регионот.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање.**

- **Meri Nickova**, Andreja Mackic, and Goran Apostolovski. **2016. THE ANALYSIS OF TOURISM DEVELOPMENT OF THE CANYON MATKA NATURAL PARK.** Singidunum University International Scientific Conference, SITCON 2016: 161–168.

Трудот ја истакнува важноста на одржливиот туристички развој на Кањонот Матка. Имено, оваа област може да се пофали со прекрасни природни и антропогени карактеристики кои не се доволно истражени во туристичкиот аспект. На анализа на кањонот како природно живеалиште заштитено со законот за животна средина е дадена овде. Кањонот Матка има огромен потенцијал за одржлив туризам развој. Потребен е поголем интензитет на развој на туризмот во Република Македонија, како гранка на економијата, притоа почитувајќи го заштита на животната средина, и создавање услови за живот и работа за локалното население на дестинацијата, а во исто време може ги задоволуваат интересите и рекреативните потреби на туристите. Како што се вели, туризмот активноста нема да ги оштети ресурсите на кањонот, кои ќе останат недопрени за идните генерации. Одржливиот развој на туризмот треба да го ублажи спор меѓу туристичките активности и посетителите од една страна, а природната живеалиште и локалното население, од другата страна.

**Научниот придонес** на трудот се состои во одредување на географската позиција на просторот за конкретниот вид на туризам кој може да се применува во идното планирање на туризмот во просторот од страна на сите заинтересирани страни, од локално па до национално ниво.

**Личен придонес на авторот (30%):** Обезбедување и анализа на податоците за географските карактеристики на просторот, и нивно поврзување со можностите за развој на туризмот во Гевгелија.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање.**

- Ljupka Naumovska and **Meri Nickova**. **2015. THE INFLUENCE OF THE WINE FOR BUILDING A BRAND OF THE TIKVES REGION**. INTERNATIONAL CONGRESS FOR BUSINESS, EDUCATION, SPORT AND TOURISM. ICONBEST 2015.

Целта на овој труд е да се прикаже потребата од развој на винскиот туризам, како алтернативна форма на туризам низ целиот Тиквешки регион. Анализите се фокусирани на ефективни стратегии кои можат да го развијат винскиот туризам. Во овој труд е опишано влијанието на Европската Унија преку регионалната програма за развој на руралниот туризам за зголемување на производството на вино и за едукација на потрошувачите. Овој вид туризам може да биде значаен и суштински за големите винарии, особено за оние кои произведуваат вино како примарна дејност. Исто така и за малите винарии кои произведуваат вино како секундарна дејност, имаат важна потенцијална улога преку каналите на продажба и промотивните канали за едукација на потрошувачите. Овој труд го нагласува значењето на економските фактори, маркетингот, продажниот микс за винариите и процесот на работа на виното кои се многу важни за развојот на винскиот туризам. Истражувачки инструменти кои се користат во овој труд се TOWS, анализи. Резултатите од овој труд имаат за цел да предложат соодветна стратегија за градење бренд од Тиквешкиот регион, кој ќе привлече голем број вински туристи.

**Научен допринос на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот допринос се гледа во научното преставување на принципите на екотуризмот како современ општествен феномен и нераскинлив дел на современото живеење. Тој светски тренд треба да се инплементира и кај нас, каде преку студија на случај на еден простор се дава научна основа како тоа да се реализира. Точно се наведени кои принципи и критериуми треба да ги задоволи одреден простор како би можело да се организира и развива екотуризмот, но со тоа да не се предизвика деградација и уништување на животната средина а воедно и задржување на степенот на одржливиот развој.

**Личен допринос на авторот (50%):** личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност.

**Рецензентската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање.**

## 5.2 Приказ и оценка на магистерскиот и докторскиот труд

### 5.2.1. Магистерски труд

Магистерскиот труд на **Мери Ничкова** под наслов **“Пропулзивноста на винскиот туризам за развој на туризмот во Република Македонија ”** е обработен на 173 страници компјутерски среден текст, а во текстот се содржани слики (71), графикони (4), табели (6), географски карти (3) и фусноти (67), во истиот се обработува актуелна и значајна тема од областа на туризмот.

Предмет на анализата и истражувањето во мојот магистерски труд се: состојба и развој на лозарството и винарството во Светот и кај нас, развој на винскиот туризам и формирање на вински патишта, природно-географските услови и фактори кои соодвествуваат за одгледување на квалитетна винова лоза и производство на вино во Македонија, историски развој на лозарството и винарството, видови и карактеристики на вината, зачуваноста на старите визби (прилагодување кон туристичката побарувачка односно кон посетата на туристите), туристичките манифестации посветени на виното (лозарски светци), можност за основање на музеј на лозарството и винарството, туристичките вредности на виногорјето. За потребите на трудот извршено е анкетно истражување кое е спроведено за да се види моменталната состојба на винарите во Македонија и да се осознае какви се можностите за нивно вклучување во винскиот туризам, односно какви се шансите за отворање на вински патишта. Во натамошниот труд предложена е стратегијата за развој на винскиот туризам и дадени се PESTEL, SWOT, TOWS, PORTER, ANSOFF матрици и Benchmarking анализа. За да се види состојбата на винскиот туризам во Македонија дадена е компарација со афирмирани вински простори во Европа, Америка, Австралија... Трудот завршува со предлози за можните правци на развој и унапредување на винскиот туризам.

### 5.2.2. Докторски труд

Д-р Мери Ничкова на 21.09.2021 година, ја одбрани докторската дисертација под наслов Улогата и значењето на конгресниот туризам за развојот на туризмот во Република Северна Македонија.

Докторската дисертација е работена под менторство на проф. д-р Слободан Черовиќ, на Универзитет Сингидунум во Белград. Докторската дисертација е напишана на 257 страници и се состои од четири главни целини и тоа 1. Карактеристики на современиот туризам, 2. Улога и значење на конгресниот туризам како селективен облик на туризам, 3. Конгресен туризам во Република Северна Македонија и 4. Истражување, на крајот се дадени заклучни согледувања, список на литература и соодветни прилози.

Конгресниот туризам претставува значаен дел од професионалниот туризам во Европа и светот, и во квалитативна и во квантитативна смисла. Во овој контекст, туристичката индустрија имплементира туристички услуги на конгресен туризам, кои вклучуваат туристичка понуда, т.е. сместување во сместувачки капацитети и дополнителни туристички активности кои ги задоволуваат специфичните потреби на корисниците на овој вид туризам. Конгресниот туризам се определува како специфичен облик на туризам, во кој главниот мотив на патувањето не е одморот, туку активното и пасивното учество на поединци во собири и манифестации од различен карактер. Конгресниот туризам директно и индиректно влијае и на развојот на трговијата - угостителството, патувањето и воздушниот сообраќај, со што придонесува за севкупниот економски развој.

Според статистичките податоци на Светската туристичка организација (СТО), околу 30% од меѓународните туристички движења припаѓаат на таканаречените нетуристички движења, меѓу кои значајно место зазема конгресниот туризам. Истовремено, статистичките показатели во светот покажуваат дека се зголемува бројот на одржани конференции, научни собири, симпозиуми, конгреси, деловни состаноци и состаноци. Аналогно на горенаведеното, конгресниот туризам во Република Северна Македонија претставува значаен дел од бизнис туризмот, што подразбира размена на искуства и знаења, како и создавање можности за вработување, зголемување на бројот на туристи и развој на туризмот.

Главна карактеристика на туристичките движења во Република Северна Македонија е нивната сезонска концентрација, која настанува пред се како резултат на потребата на туристите за одмор и рекреација во крајбрежните области на природните езера во летните месеци. Причина за оваа појава се и традиционалните навики на

туристите кои практикуваат годишни одмори најчесто да земаат во месеците јули и август, дополнително поттикнати од иницијативата на повеќето државни институции и поголеми компании од приватниот сектор, да доделат колективна годишни одмори на вработените во овие месеци.

Искуството покажува дека најголемата грешка во развојот на туризмот е што одредени места масовно се промовираат, додека други остануваат неразвиени долго време, но овие места можат да имаат многу поголем потенцијал. За да се донесат промени, потребна е детална анализа на развојот на алтернативните видови туризам. Од досегашниот развој на туризмот во Република Северна Македонија, нерамномерната временска и просторна распределба на туристичките движења се јавуваат како две важни карактеристики кои го имаат главниот карактер во севкупниот туристички сектор.

Сезонската и просторна концентрација на туристи, како една од главните карактеристики на современиот туризам во Република Северна Македонија, предизвикува одредени проблеми и во делот на туристичката побарувачка и во делот на туристичката понуда.

Еден од главните проблеми што се јавува како резултат на нерамномерната временска и просторна распределба на туристичкиот сообраќај е краткотрајното искористување на туристичките капацитети (сместување, угостителство и сл.) и неможноста за нивно проширување. Сезонската карактеристика на туристичките движења во земјава претставува негативна страна во развојот на туризмот, бидејќи со ваквиот тренд во развојот на туризмот во Северна Македонија, таа станува поинтересна туристичка дестинација само неколку месеци од годината, т.е. само во летната туристичка сезона и мал дел од зимската туристичка сезона, особено за време на новогодишните празници. Ваквиот акцент на туризмот предизвикува проблеми во развојот на туристичкиот сектор во Северна Македонија и затоа постои потреба од нивно надминување. Во суштина, идните развојни трендови во областа на туризмот треба да се фокусираат на изнаоѓање решенија за деконцентрација на туристичките движења и продолжување на туристичката сезона. Сето ова е значајно бидејќи сезонските трендови и степенот на искористеност на туристичките капацитети се од големо значење во креирањето на инвестициската политика во туристичкиот сектор.

Со оглед на зголемената вклученост на туристите во различни активности на алтернативен туризам, може да се забележи дека овој сектор на алтернативниот туризам, како дел од туристичката индустрија, добива сè поголемо значење. Еден таков вид на алтернативен туризам е конгресниот туризам.

## 6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Ничкова Мери во академската 2007/2008 година избрана е за демонстратор на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје на предмети од област туризам и тоа:

- Туризам, принципи и практика
- Менаџмент на туристички дестинации
- Истражување на туристички пазар

Од академската 2011/2012 година ангажирана е на Факултет за туризам при Универзитетот за Туризам и Менаџмент во Скопје како асистент по група предмети од областа на туризмот на првиот циклус на студии и тоа:

Ангажираност на прв циклус на студии:

1. Маркетинг во туризам
2. Истражување на туристички пазар
3. Менаџмент на туристички дестинации
4. Туризам, принципи и практика

Од академската 2013/2014 година ангажирана е на Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Економски факултет и Факултет за туризам при Универзитетот за Туризам и Менаџмент во Скопје како асистент по група предмети од областа на туризмот, менаџментот, еконмските науки на првиот циклус на студии и тоа:

Ангажираност на прв циклус на студии:

5. Психологија за менаџери

6. Менаџмент на време
7. Туризмот и службената дипломатија
8. Економија

Од академската 2014/2015 година ангажирана е на Факултет за претприемачки бизнис при Универзитетот за Туризам и Менаџмент во Скопје како асистент по група предмети од областа на менаџментот на првиот циклус на студии и тоа:

Ангажираност на прв циклус на студии:

9. Претприемаштво и мал бизнис
10. Стратегиски менаџмент
11. Трговски мемаџмент
12. Теџнолошко претприемаштво

**6.1. Оценка на севкупната наставна дејност**

Во рамките на наставните активности д-р Мери Ничкова учествува актвино како асистент во наставата на додипломски и посдипломски студии. Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку практични вежби. Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите. Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Во 2015/2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар.

Според добиените резултати д-р Мери Ничкова на има постигнато успех од 4.66, ова покажува дека д-р Мери Ничкова има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Универзитетот Скопје.

## 7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Мери Ничкова, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, увид во резултатите од самоевалуација на наставниот кадар на Универзитетот Скопје, како  и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

- Врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
- Содржината на трудовите што ги достави кандидатот д-р Мери Ничкова и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник.
- Цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност во Научно-истражувачко подрачје 5 Општествени науки, Научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51406 Туристичка промоција, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго (Менаџмент во туризмот).на Универзитетот Скопје

